Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
КСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-87/1

16-01-2023 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-633 од 28.11.2022 година поднесена од [redacted] против Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, за извршена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 11.1.2023 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** во областа на пристап до добра и услуги сторена од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ врз [redacted].

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-633/1 од 28.11.2022 година, од страна на [redacted] за сторена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги, од страна на Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ.

Во првичните наводи на претставката, подносителот [redacted] истакнува дека неоправдано му било одземено правото на струјомер со поделба на едно мерно место на две, што за него е егзистенцијална потреба. Поради ова, тој на 27.12.2021 година поднел тужба до Управниот суд против решението издадено од Регулаторната комисија. Напоменува дека согласно проверка направена на 25.11.2022 година, тужбата се уште не била земена во работа, што е во спротивност со Законот за општа управна постапка, односно начелото за сервисна ориентираност содржано во тој закон.

Фактичката состојба подносителот ја опишува на следниот начин: пред неколку месеци, струјомерите кај него и кај останатите соседи од улицата, кои се поставени во исто време, со исти ѕидни сандачиња и според ист план, биле заменети со нови струјомери во ист сандак, во фасадата на влезот. Сега, од подносителот се бара неговиот струјомер да биде префрлен на улица, а не да биде во рамки на самиот влез на неговиот дом. Во врска со ова тој наведува дека безбедноста на струјомерите на улица би била многу мала поради удари на автомобили или злоупотреби со спуштање на осигурувачи, а и дека веќе имало провали. Исто така наведува дека поради штедење, потребно им е да го фотографираат струјомерот скоро секој ден, што би претставувало пробем доколку истиот се наоѓа на улица. Дополнителен проблем би се јавил и со позицијата на струјомерот на бандера до која се наоѓа влезот на соседите, со што тој вели струјомерот би се наоѓал практично кај нив, а би се намалила и можноста за уште едно паркинг место на нивната улица.

Последно, подносителот потенцира дека содржината на претставката е испратена и до Народниот Правобранител.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 6.12.2022 година испрати Известување за

произнесување по наводите од претставката бр. 08-633/2 до ЕВН Македонија и Известување за произнесување бр. 08-633/3 до Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ.

До моментот на носење на ова мислење, не беше пристигнат одговор од страната на ЕВН Македонија во врска со испратеното известување. На ден 29.12.2022 година во архивата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ како одговор на претставката.

Во одговорот, Регулаторната комисија првенствено наведува дека [redacted] од операторот електродистрибутивниот систем, Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, побарал поделба на мерно место на 29.8.2019 година, по што Електродистрибуција донела Решение за согласност за приклучување кон електродистрибутивната мрежа на 6.9.2019 година. Меѓутоа [redacted] незадоволен од донесеното решение, поднел приговор до Регулаторната комисија за енергетика во којшто истакнал дека според него поделбата може да се реализира на начин што до постоечки струјомер во истото сандаче на надворешен ѕид ќе се постави второто броило. Регулаторната комисија прибавила одговор од Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје, која истакнува дека постапувајќи по барањето утврдила **технички и економски најисплатливо решение**, односно да се дислоцира мерното место на граница на имот како би можело да се постави уште едно броило, што всушност претставувало создавање технички услови за приклучок. Регулаторната комисија понатаму, постапувајќи по приговорот, утврдила дека Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје постапила правилно кога го применила член 95 став 4 од Законот за енергетика. Поради тоа, било донесено Решение за одбивање на приговорот на 20.12.2021 година.

Имено, како што истакнува Регулаторната комисија, согласно член 95 став 4 од Законот за енергетика, локацијата на мерните уреди ја утврдува операторот на електродистрибутивниот систем во зависност од техничките можности на локацијата и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на корисниците приклучени на електродистрибутивната мрежа. Ако операторот на електродистрибутивниот систем утврди дека при замена на постојниот мерен уред е потребно да се изврши дислокација на мерното место, должен е на своја сметка да ја изведе дислокацијата со минимално нарушување на обезбедувањето на услугата на корисникот и минимално оштетување на имотот на корисникот.

Понатаму и Регулаторната комисија го изнесува фактот дека против решението за одбивање на приговор УП2 бр. 09-261/21 од 20.12.2021 година, [redacted] повел управен спор пред Управниот суд на РСМ, кој спор се уште е во тек.

Дополнително на ова, во одговорот на претставката се потенцира дека на 29.9.2022 година [redacted] повторно поднел приговор до Регулаторната комисија за енергетика против Решението за согласност за приклучување на електродистрибутивната мрежа бр. 11-714, но бидејќи се работело за приговор кој е поднесен по втор пат за истото решение, а по кое Регулаторната комисија веќе има постапувано, било донесено Решение УП2 бр. 09-201/22 со кое приговорот се отфрлил.

Од наводите на претставката и одговорот на истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација оцени дека не можат да се најдат факти и околности кои укажуваат на сторена дискриминација.

Имено, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција на дискриминација содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:

*„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите".*

Поконкретно, Комисијата го ценеше фактот што согласно **член 95 став 4 од Законот за енергетика, операторот на електродистрибутивниот систем има право да ја утврдува локацијата на мерните уреди во зависност од техничките можности на локацијата и истата може да биде во или надвор од границите на имотот на корисниците приклучени на електродистрибутивната мрежа,** а во конкретниот случај операторот постапил согласно технички и економски најисплатливо решение кое всушност претставувало создавање на технички услови за приклучок на корисникот. Следствено на ова, Комисијата оцени дека дејствијата преземени од страна на операторот на електродистрибутивната мрежа биле пропорционални на легитимната цел – приклучување кон електродистрибутивната мрежа, и не предизвикале прекумерна штета на страна на подносителот на претставката. Последно, од наводите на претставката не може да се заклучи дека [redacted] бил доведен во понеповолна положба во однос на останатите соседи од улицата.

Врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот на мислењето дека во конкретниот случај не е сторена дискриминација во областа на пристап до добра и услуги од страна на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на РСМ.

Скопје
16.1.2023 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Исмаил Камбери

Доставено до:
- [redacted]
- Регулаторна комисија за енергетика и водни услуги на РСМ, ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп Трајков 6-ти спрат, 1000 Скопје